5721
АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# КАДЕ СТЕ ТРГНАЛЕ?!-НА КОГО РАКА СТЕ КРЕНАЛЕ?!

ЧЕСНИ МАКЕДОНЦИ,МУСЛИМАНИ,ВЛАСИ И ДОСЕЛЕНИЦИ ОД НАШИТЕ КРАИШТА.Под тежи
ната на ропството,грабежот,убијствата и насилието от средата на нашиот наро
д се роди неговата Народно-ослободителна војска.Нашиот народ стана со оружи
е во рака да ја брани своата мака,и себе от тугјинската тиранија.Поробителит
е се пробаа да ги уништожат одредите на ослободителната војска од нашите кра
ишта,против кои извршиа офанзива со неколку илјади војска,полицаи и др.Поро
бителите не само што не а постигнаа своата цел,ами дадоа и големи загуби.За
да се уништожат партизаните не фтасаа толку илјади војска,стотици полицаи,с
тотици изроди,шпиуни и други целати на нашиот народ.Не фтасаа купишта пепел
и горевина пепел од кукјите,племњите и трлата на нашите селани и грагјани.Н
е фтасаа ни пороите невина крв протечена по нивјата и патиштата,по кукјите и
улиците,участоците и занданите,од нашите синови и кјерки,мајки и татковци.П
оробителите се дадоа на оште поподла работа:организуат контрачети во кои на
сила ве терат и вас,за да го довршите оноа што го почнаже војската и полици
јата на цар Борис со полковник Апостолов.

ВИЕ ШТО СТЕ ВО КОНТРАЧЕТАТА,сведоци бехте на зверствата што и направиа в
ашите "воиводи" од чешитот на Калчев.Грабехте овчи,кокошки,јајца,мас и друго
(од воиводата вие добихте право да правите се што сакате).Палехте племњи,ко
либи и трла,претепахте безброи чесни Македонци,мегју кои и старци од 70 год.
Водехте борба против нас во која дадохте и жертви.На подал начин убихте и н
екои наш другар.Гледате ли каде сте тргнале?-По патот на плјачката,палеж и у
бијства.Гледате ли на кого рака сте кренале?-На онија кои животите ги дават
и за вашето добро,на вашите синови и кјерки,бракја и сестри,мајки и татковци
По тои ли пат вие требе да одите?Достоина ли е за вас таја грозна служба?-
Не!По тои пат одат едино само изродите,шпиони и целати на својот народ.Не с
е мешаите во редовите на изродите-во шаиката на разбоиникот Калчев и не оди
те во потера по партизаните.Куршумот у огјинот не одбира и не дозволете да

погинете од куршумот со кои шо требе да се требат поробителите а не нашио народ.Кога на сила ве тррат да одите по тои пат,тоги зимајте го оружието и со него ударите на онија што ви го дават,бегајте во редовите на нашата воис ка-кинисаите по примерот на Тушинци (син и татко). од Гевгелија.

ШПИОНИ И ИЗРОДИ,вие шо се подадохте на лагите от поробителите и им се продадохте,вие што сте "дирек" на разбоиничката шаика на Калчев,вие сте свесни за мрсната ролја што ја играите.Знаите дека и народот мисле да ви се одборче.Тоги зошто ги работите тија мрсни работи?Хитлера ли мислите да го спасуите и под неговото закрилие утре добро да живеете?Луто се лажите!Хитлер не го спасиа неговите милионски хорди,не го спасиа Мусолини и неговата фашиска армија,не го спасиа дивизиите на Романија,Маџарија па и ни армигата на цар Борис.Вие ли ке го спасуете,една рака изроди што си ги окравихте раците на својот сопствен народ?!Прапагјањето на Хитлер не може никуи да го запре,оти против него се боре целото напредно човечество.На прагот е слободата за нашиот народ.Иде денот на народниот суд кои што на секому ке му суди по делата, па и вам.Народот има долга рака и никуи не ке му избега без да си земе дел за своата работа.Вашето спасење леже во самите вас.Шо поскоро ке се покаите за вашите противнародни дела,и со дела ке покажите против поробителите на нашиот народ,(во прв ред против тиа што ве најамчија на таква служба)толку поскоро ке си а улесните одговорноста пред народниот суд.Опаметите се до дека не е доцкина,Погрижите се за вашето спасење додека е оште време.

СМРТ НА ПЉАЧКАШКАТА И РАЗБОИНИЧКА ШАИКА НА КАЛЧЕВ !

ДА ЖИВЕЕ ЕДИНСТВОТО НА НАШИОТ НАРОД !

СМРТ НА ФАШИЗАМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ !

19.VIII.1943 год.
Положаи.

Штабот на III оперативна зона на
Народно-ослободителната воиска и партизански одреди
во Македонија.